| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Зимски радости |
| **Содржина на денот** | Премести го подарокот |
| **Возраст** | 2-3 години |
| **Воспитувач** | Валентина Буш-Бошњакоска |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор и потсетување како да се одржува физичкото растојание при физички вежби и потребата од одржување на хигиената на рацете. |
| **Активности** | Преку слика на новогодишна елка мотивирајте ги децата на вербално искажување кој празник ни се наближува, за да дојдете до заклучок каков подарок посакува и каде ќе го остави Дедо Мраз.<br>На едната страна од собата ставете неколку играчки.<br>Со детето најнапред изведете вежби за загревање на мускулната маса со посебен акцент на вежбите за долните и горните екстремитети, кои особено ќе бидат активни во денешната подвижна игра. По загревањето на детето демонстрирајте и вербално објаснете начинот на изведување на подвижната игра: Премести го подарокот (детето нека ги премести сите подароци кои сте ги ставиле во другиот крај на собата под новогодишната елка), исто така внимавајте на темпото со кое ќе ги преместува (темпото нека биде изедначено, без нагласени промени на брзината).<br>По завршување со подвижната игра изведете вежби за опуштање на мускулната маса и правилно дишење. |